За тужен

ДанилоС. Јаниќевиќ, адвокат
НенадД. Јаниќевиќ, адвокат
Тамара Ристиќ, адвокат
Даме Ѓорѓески, адвокат

АДВОКАТСКА КАНЦЕЛАРИЈА
ЈАНИЌЕВИЌ

ВРСКА: ППОВ.бр.5/21

ОСНОВЕН СУД ШТИП
ПРИМЕНО
Со 22. 11. 2021 прилози
20 година

ПРЕКУ:
ОСНОВЕН СУД ШТИП

ДО:
АПЕЛАЦИОНЕН СУД ШТИП

ТУЖИТЕЛ: Владислав Михаилович Втулкин од Москва граѓанин на Руската Федрација, место на раѓање Украина 24.03.1976 година, со живеалиште на ул. Рхеиналлее 140 Дизелдорф Германија, со број на пасош 51 5268030, преку полномошник Адвокатска канцеларија Јаниќевиќ, адвокат Ненад Јаниќевиќ од Скопје, бул„Кочо Рацин‘ бр.38/1-5 Скопје, телефон 02/3166629, e-mail: janicevic.advokati@gmail.com, електронско сандаче за е-достава со корисничко име: Nenad Janikjevikj

ТУЖЕНИ:
1.Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип, ул.Генерал Михајло Апостолски бр.7-3 Штип, со ЕМБС 5096847 и ЕДБ 4029996110063, управител Верица Љуботенска ул.Ванчо Прке бр.Д2/А-9 Штип со ЕМБГ 1105955495004,e-mail: r.ljubotenski@imakovino.com.mk, преку полномошник Адвокат Гоце Цоневски од Скопје
2. Трговско друштво за трговија, производство и услуги ИМАКО ДОО увоз- извоз Штип, ул.Михајло Апостолски бр.34-5 Штип и ЕМБС 4805178, со ЕДБ 4029994108584, управител Ристе Љуботенски, ул.Михајло Апостолски бр.34-5 Штип со ЕМБГ 3003955490002

ОСНОВ: НАДОМЕСТ НА ШТЕТА

ВРЕДНОСТ: 1.915.458 евра

ЖАЛБА

Од тужителот Владислав Михаилович Втулкин, преку полномошник адвокат Ненад Јаниќевиќ од Скопје, против Решение ППОВ.бр.5/21од 21.10.2021 на Основен граѓански суд Скопје

На ден 21.10.2021 година Основниот Суд во Штип донесе РешениеППОВ.бр.5/21со кое предлогот поднесен од туженият – предлагачот Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип за повторување на постапката правосилно завршена со Пресуда на Основен суд Штип П4.бр.78/15 од 18.01.2016 година, потврдена со пресуда на Апелациониот суд Штип Гж.бр.205/21 од 03.06.2021 година СЕ УСВОЈУВА, СЕ ДОЗВОЛУВА повторување на постапката П4.бр.78/15 водена пред Основниот суд Штип по тужба на тужителот ВЛадислав Михаилович Втулкин од Москва, граѓанин на Руската Федерација против тужени Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип и Трговско друштво за трговија производство и услуги ИМАКО ДОО увоз-извоз Штип, основ надомест на штета, вредност 1.915.458,00 евра и СЕ УКИНУВА пресудата на Основниот суд Штип П4.бр.78/15 од 18.01.2016 година правосилна на ден 03.06.2021 година.

Незадоволен од вака донесеното Решение остана тужителот, кој благовремено во законски предвиденият рок преку својот полномошник ја изјавува оваа жалба поради:

- *Суштествени повреди на одредбите на постапкатаод чл. 343 ст.1 и ст. 2 точка 14 од ЗПП*
- *Погрешна и нецелосно утврдена фактичка состојба од чл. 344 од ЗПП*
- *Погрешна примена на материјално право од чл. 345 од ЗПП*

Воедно му предлагаме на Апелациониот суд Штип како второстепен суд, да **ЈА УВАЖИ** оваа жалба на тужителот, првостепеното Решение **ППОВ.бр.5/21** од **21.10.2021 година** на Основен суд Штип **ДА ГО УКИНЕ** и предметот да го врати на повторно разгледување и одлучување пред првостепениот суд или жалбата да ја уважи, а Решението да го преиначи на начин што ќе го одбие како неоснован предлогот на туженият за повторување на постапката и ќе го задолжи да му ги надомести на тужителот трошоците од постапката по приложениот трошковник.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Најпрво истакнуваме дека обжаленото Решение е донесено по одржаното рочиште за расправање по предлогот за повторување на постапката на 21.10.2021 година во присуство на полномошник туженият како предлагач и **во отсуство на тужителот, со што на тужителот му е ускратено правото на произнесување и одбрана**.

Судот сторил суштествена и груба повреда на постапката и од причина што **постапувал по предметот и тоа одржал рочиште во отсуство на туженият на ден 21.10.2021 година,** кога и ја донел обжалената одлука, **кога во тој момент целиот предмет со сите судски списи и докази се наоѓал на постапување и одлучување пред Апелациониот суд Штип (!!!),** а по повод поднесена жалба од туженият против Решението ППОВ.бр.5/21 од 12.07.2021 година на Основниот суд Штип со кое предлогот на туженият за издавање на привремена мерка за обезбедување на непарично побарување го одбил како неоснован. Жалбата од туженият е поднесена до судот на ден 16.07.2021 година, и **се до ден денес Апелациониот суд Штип нема донесено одлука**, а во меѓувреме сите закажани судски рочишта по предлогот за повторување на постапката беа одложувани и покрај тоа што полномошникот на тужителот уредно се јавуваше пред судот, а полномошникот на туженият, најверојатно веќе известен за одлагањето не беше присутен. **Оттука, нејасно е како судот воопшто донел одлука без да ги има и да ги разгледа списите на предметот, како и воопшто може да одлучи дали предлогот за повторување на постапката на туженият е основан или не?!?!?**

Истовремено, од сосема непознати причини, на ден 21.10.2021 година одржано е **рочиштето во отсуство на тужителот, иако предметот со сите списи се наоѓал на постапување и одлучување пред Апелациониот суд Штип**, па симптоматично на ова рочиште се појавил полномошник на туженият кој по сè, очигледно бил известен дека истото ќе се одржи. **Од каде инаку полномошникот на туженият знаел дека судијата,и покрај тоа што ги нема списите од предметот и сеуште се чека на одлука од Апелациониот суд, ќе одржи рочиште и постапува по предлогот, кога ниту еднаш на претходните одложени судења не дошол на рочиште???** Во ситуација кога судот сеуште немал одлука од повисокиот суд по предлогот за издавање на привремена мерка, не можел да ја донесе обжалената одлука без да ја сочека одлуката од повисокиот суд, особено земајќи во предвид дека **оваа постапка не е од итен карактер**, па оттука е сосема нејасно ваквото пристрасно постапување на судот. Странките во постапката знаеле дека се чека одлука од Апелациониот

суд по предлогот за издавање на привремена мерка, а судот не сочекал добивање на одлука туку спротивно на законот, без воопшто да има предмет одлучувал по предлогот за повторување на постапката.

Понатаму, сторена е суштествена повреда на постапката од причина што судијата Анита Јорданова, постапувајќи како Претседател насоветот нестручно и несовесно постапила во постапката затоа што била должна самата да се изземе од одлучување и постапување по овој предмет, поради нејзините комшиски врски со основачот на туженият и потписник на Договорот за деловно техничка соработка, Ристе Љуботенски од Штип, меѓутоа овој факт го премолчела и не се изземала, туку донела една ваква контрадикторна и незаконита одлука во корист на туженият.

Судот сторил суштествена повреда на одредбите на постапката од чл. 343 ст. 2 точка 14 од ЗПП, така што донесеното **Решение на Основниот граѓански суд Скопје е нејасно, неразбирливо и контрадикторно, изреката на решението е неразбирлива и противречи сама на себеси и на причините за донесувањето, односно решението воопшто нема причини, а наведените причини за решителните факти се нејасни и крајно противречни, поради што решението има недостатоци поради кои не може да се испита.**

Најпрво, **судот требало да го отфрли предлогот за повторување на постапка како неуреден**, затоа што туженият во едно исто барање предложил издавање на привремена мерка, повторување на постапка и поднел барање за изземање на судија, што е спротивно на одредбите од ЗПП. Туженият не можел во исто барање да поднесува две работи, и предлог за издавање на привремена мерка и предлог за повторување, затоа што **предлог за издавање на привремена мерка е неспоив со предлог за повторување на постапка**, па затоа судот не можел да постапува по вакви нејасни и недозволени предлози, па затоа бил должен истите да ги отфрли.

Истовремено, одлуката на судот е сосема нејасна, неразбирлива и противречна, односно сосема се нејасни причините за донесувањето, затоа што **судот одлучил да дозволи повторување на постапката прифаќајќи дека доказот Вешт наод и мислење СВ I 32/2015 изработен на 09.07.2015 година од страна на Бирото за судски вештачења, а по наредба на ОЈО Штип за потребите по предметот КО.бр.255/13, „Претставува нов доказ согласно член 392 ст.1 т.9 од ЗПП од причини што туженият без своја вина не можел овој доказ да го изнесе пред судот во ситуација кога туженият сега како предлагач дознал и се стекнал со можност да го изнесе пред судот овој доказ после заклучувањето на главната расправа, односно по изготвување на првостепената пресуда П4 бр.40/14 од 30.01.2015 година на Основен суд Штип, а со изјавената жалба согласно чл.341 од ЗПП не можат да се предлагаат нови докази...., за да потоа веднаш наведе дека:„ Првостепениот суд по овој доказ воопшто не расправал во смисла ниту го одбил ниту го извел во доказна постапка како доказно средство, а второстепениот суд само констатирал дека не е прифатен како доказ бидејќи не е доставен во фаза на постапката како што тоа е предвидено...', па од сето ова сега, во оваа постапка, истиот тој доказ претставува нов доказ!!!!! Потоа, на стр.9 од Решението наведувa:„Наодот и мислењето од 09.07.2015 година е предложен од туженият како нов доказ согласно чл.392 ст.1 т.9 од ЗПП е предложен во рокот од 30 дена од денот кога туженият стекнал можност да му го предложи на судот, имајќи во предвид дека овој доказ е предложен и приложен со писмен поднесок до Апелациониот суд Штип на 26.08.2015 година'.**

Ваква конфузија, неразбирливост и притивречност, сметаме дека немало во ниедна досегашна судска пракса. Или доказот можел да поднесе, можел да се употреби или не!!!

Не може, во ситуација, кога самиот суд наведува дека овој доказ туженият го доставил во жалбена постапка со писмен поднесок до Апелациониот суд Штип на 26.08.2015 година и истиот не бил прифатен, сега, по правосилно завршување на постапката, истиот тој доказ да се смета како нов.

ОВА НЕСОМНЕНО УПАТУВА ДЕКА СТАНУВА ЗБОР ЗА ПРЕСУДЕНА РАБОТА – RES JUDICATA, И ДЕКА СО НАПАДНАТОТО РЕШЕНИЕ СУДОТ ОВОЗМОЖУВА ПОВТОРНО СУДЕЊЕ ЗА ИСТА РАБОТА.

Сосема друго е прашањето во однос на оценката на овој доказ во прависно завршената постапка, МЕЃУТОА, НЕСПОРЕН ФАКТ Е ДЕКА ОВОЈ ДОКАЗ Е ВЕЌЕ УПОТРЕБЕН И ТОА ВО ИСТИОТ ПРЕДМЕТ.

Правосилно завршената постапка која се водеше пред Основниот суд во Штип под бр. П4.бр.78/15 по тужба на тужителот Владислав Михаилович Втулкин за долг во износ од 1.915.458,00 евра, е поведена уште на ден 12.10.2013 година. Во текот на наредните 8 години, се до конечно правосилно завршување на постапката, **постапката се водеше пред сите судски инстанци, вклучително и два пати пред Врховниот суд на РСМ како највисока инстанца и тужителот цели 8 години беше приморан да талка низ судските лавиринти со цел да го оствари своето право на побарување кое неспорно е утврдено дека го има од тужените**. Во текот на тие 8 години, **Основниот суд во Штип, Апелациониот суд во Штип, како и Врховниот суд на РСМ со две одлуки,врз основа на сите докази–вклучувајќи го и доказот Вешт наод и мислење СВ I 32/2015 изработен на 09.07.2015 година од страна на Бирото за судски вештачења, во обемна и исцрпна постапка која се водеше, неспорно утврдија дека тужбеното барање на тужителот е во целост основано, фактичката состојба е неспорна, односно неспорно е дека тужителот во целост го испочитувал Договорот за деловно техничка соработка и вршел вложувања и инвестирања во опрема средства и капитал, врз основа на кои тужените започнале да работат и да остваруваат добивка**. За разлика од ова, тужените не го испочитувале Договорот и откако започнале успешно да работат не исплатиле никаква добивка на тужителот. **Сите решителни факти по однос на основаноста на тужбеното барање беа детално утврдени и образложени во одлуките на судовите и сите судови, вклучително и Врховниот суд кој обезбедува единство во примената на законите, со две свои одлуки одлучија во корист на тужителот.**

ДОКАЗ:

- **Пресуда П4.бр.78/15 од 18.01.2016 година на Основен суд Штип**
- **Пресуда ГЖ-205/21 од 03.06.2021 година на Апелационен суд Штип**
- **Решение Рев2.бр. 180/2017 од 15.11.2018 година на Врховен суд на РСМ**
- **Решение Рев 2.бр.463/2019 од 27.01.2021 година на Врховен суд на РСМ**

Туженият Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип, обидувајќи се последен пат да избегне плаќање на својата обврска према тужителот и со цел понатамошно одолговлекување на постапката, поднел Предлог за повторување на постапката, затоа што наводно се стекнал со нови факти и докази врз основа на кои за туженият можело да биде донесена поповолна одлука доколку тие факти или докази биле употребени во постапката која е првосилно завршена, а судот со обжалената одлука утврдил дека предлогот за повторување на постапката е основан и надвор од сите законски прописи дозволил повторување на постапката!

Со обжалената одлука судот крајно тенденциозно, сосема спротивно на законот и надвор од секоја логика и надвор од секој пропис содржан во ЗПП од сосема непознати причини одлучил да дозволи повторување на постапката и тоа врз основа на наводен нов

доказ, кој доказ **не може да претставува нов доказ за повторување на постапката, видно од самиот датум на изготвување на ова вештачење кое датира од пред 6 години. Истото е доставено во правосилно завршената постапка, така што било предмет на разгледување и од Врховниот суд при одлучување по ревизиите по предметот.**

НО, ОНА ШТО Е СУШТИНСКИ ВАЖНО Е ШТО И ПОКРАЈ ТОА, ФАКТИТЕ И ОКОЛНОСТИТЕ КОИ СЕ УТВРДУВАНИ ВО ОВОЈ НАВОДНО НОВ ДОКАЗ–ВЕШТ НАОД И МИСЛЕЊЕ, ВО ДОСЕГАШНАТА ПОСТАПКА СЕ ВЕЌЕ ИСТАКНАТИ, ДЕТАЛНО ПРЕТРЕСЕНИ ОД СТРАНА НА СИТЕ СУДСКИ ИНСТАНЦИ И ЗА ИСТИТЕ Е ДАДЕНО ДЕТАЛНО И ИСЦРПНО ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ВО СУДСКИТЕ ОДЛУКИ, ТАКА ШТО НЕСПОРНО Е ДЕКА ОВОЈ ДОКАЗ НЕ МОЖЕ ДА ДОВЕДЕ ДО ПОИНАКВО УТВРДУВАЊЕ НА ФАКТИЧКАТА СОСТОЈБА ПОПОВОЛНА ЗА ТУЖЕНИОТ!!!

Имено, судот во обжалената одлука сосема паушално, нејасно и контрадикторно утврдил дека во Вештиот наод и мислење СВ 1 32/2015 изработен на 09.07.2015 година од страна на Бирото за судски вештачења биле утврдувани факти и околности во врска со склучениот Договор за деловно техничка и финансиска соработка, односно дали е испочитувана обврската за вложување-инвестирање во опрема средства и капитал, во кој обем и на кој начин е направено сето тоа од сега тужителот, факти и околности по однос на деловната соработка на друштвата сега тужените со фирмата ПИМ Хасково од Бугарија во периодот сметано од 2003 година до 2008 година, на кој начин е вршено плаќањето на опремата, колкав износ на парични средства имаат плаќано овие две друштва на оваа фирма и по кои фактури за набавка на опрема за потребите на друштвата, дали оваа опрема е испорачана, кога и во кое друштво и врз основа на кое задолжување-фактура, со посебен осврт на доставеното известување Соопштение од ПИМ БУГАРИЈА, дека во вештиот наод било утврдено дека доставените дописи од ПИМ Бугарија не претставувале финансиски докази за плаќање, а во однос на плаќањето на опремата на ПИМ Бугарија од страна на оштетениот Владислав Втулкин не била доставена документација на увид, дека плаќањето било извршено од страна на девизни сметки на Имако Штип и дека дописите доставени од Дела Тофоло до Владислав Втулкин и до Имако Штип не биле релевантен доказ од кој можело да се констатира плаќање.

Притоа, судот воопшто не зел во предвид дека ова вештачење е изготвено единствено врз основа на книговодствена евиденција на тужените, ниту пак земал во предвид дека во досегашната постапка со мноштво изведени како вербални, така и материјални докази, се утврди дека и тужените вршеле плаќања кон фирмата ПИМ Бугарија, и тоа не е спорно, но тие плаќања се однесувале на друга опрема која ја нарачувале тужените и немаат никаква поврзаност со опремата која ја плаќал тужителот, но **неспорно е дека и тужениот вршел плаќања за опрема како вложување и дека ги исполнил своите обврски од договорот и тоа во износ на поставеното тужбено барање кое нешто е утврдено во правосилните пресуди.**

Меѓутоа, **очигледно судот воопшто не го ни разгледал предметот и претходните судски одлуки** (што се поклопува со околноста што во моментот на одлучување судот го немал предметот со списите и доказите) затоа што неспорно е дека **сите судови во досегашната постапка веќе се произнеле по однос на сите овие околности за кои судот сметал дека можеле да доведат до поинаква одлука** и тоа:

Со Пресудата П4-78/15 од 18.01.2016 година Основниот суд Штип како првостепен суд **утврдил дека тужителот и законскиот застапник на второтужениот, Ристе Љуботенски, имале заеднички деловен партнер од Бугарија, Назиров Димитар, и од неговата фирма ПИМ Бугарија И ЕДНИОТ И ДРУГИОТ купувале опрема!** Судот

утврдил дека **тужителот платил за порачка од италијанска компанија 508.712 евра, за опрема и машини кои биле испорачани и оставени кај Имако Вино во Македонија, вршел плаќања и преку Бугарија, конкретно Коман Фимер Италија 166.300 евра на ПИМ Бугарија 683.341 евро, а тоа било купено од тужителот со негови сопствени средства за опрема на тужените!!!Судот утврдувајќи го овој факт ГИ ЦЕНЕЛ ТОКМУ ПОТВРДИТЕ ОД ОВИЕ ФИРМИ за извршени плаќања, иако тужените во постапката ги спореа, како и извештајот за констатирана состојба изготвен во постапката за обезбедување на докази!** Значи **кога судот ја утврдил доказната сила и поклонил верба на овие докази, како може сега некое вештачење во кривична постапка која воопшто не е ниту поврзана со оваа постапка, вешти лица кои не се судии и кои разгледувале документација сосема различна од овој предмет, да утврдуваат дали овие документи биле доказ за плаќања или не????**

Одлучувајќи по жалба на тужените, а по напатствија на две Решенија на Врховниот суд, Апелациониот суд Штип со Пресудата ГЖ-205/21 од 03.06.2021 година **неспорно утврдил дека жалбените наводи по однос на потврдите од фирми од Бугарија и Италија кои што тужителот ги доставил како доказ за тоа дека тој вршел уплати за потреби на тужените, односно за набавка на опрема за дејноста со која се занимаваат тужените биле предмет на оценка на овој суд (!!!) но и овие жалбени наводи не се прифатени од причина што ОВИЕ ДОКАЗИ ПОТВРДУВААТ ДЕКА ТУЖИТЕЛОТ ЗА ТУЖЕНИТЕ ВРШЕЛ УПЛАТА ЗА НАБАВКА НА ОПРЕМА, а дека тие се вистинити односно МОЖАТ ДА ПОСЛУЖАТ КАКО ДОКАЗ ВО ОВОЈ ПРЕДМЕТ произлегува и од исказот на тужителот даден во постапката како и од извештајот за констатирана состојба изготвен во постапка за обезбедување на докази!!!**

Значи, она што судот сметал дека може да се докаже со овој наводно нов доказ, веќе е земено во предвид во правосилно завршената постапка од страна на судовите во сите степени и за истите околности судот се има произнесено во своите одлуки! **За судовите во ниту еден момент не било спорно дека тужителот навистина ги извршил уплатите за набавка на опрема за тужените!!! Од тие причини, сосема е нејасна одлуката на судот во делот дека овој наводно нов доказ можел да доведе до утврдување на поинаква фактичка состојба.**

Истовремено, нејасно е од каде судот заклучил дека вакво вештачење од 2015 година изготвено за потребите на кривчна постапкаможе да биде нов доказ кој е подобен за да се дозволи повторување на постапката, кога **тужените како странки во текот на постапката имаа изготвено свое вештачење**, **кое вештачење содржи речиси идентични наводи, околности и утврдени факти како и вештачењето изготвено од Бирото за судски вештачења врз основа на кое судијата дозволила постапката да се повтори**. Истите тие факти се веќе разгледувани и ценети од страна на сите судови во сите судски степени, меѓутоа **неспорно е дека во постапката не довеле до тоа да се донесе правосилна одлука во корист на тужените. Истовремено, вака изготвеното вештачење е сосема ирелевантно за овој предмет, бидејќи е изготвено во кривична постапка и за сосема различни цели и истовремено е изготвено единствено врз основа на документација и евиденција на тужените!!!**

Обжалената одлука е нејасна и контрадикторна и поради тоа што најпрво судот неспорно и правилно утврдил дека наводите на предлагачот дека извештајот за констатирана состојба изготвен од економско правно биро КОМПАНИЈА НМ од 10.10.2013 година не можело да претставува вешт наод и мислење **не се прифатени како основани причини за повторување на постапката** од причина што овие околности биле истакнати во поранешната постапка и судот ги ценел со дадено образложение. Но при вака утврден факт, а во ситуација кога **во овој извештај изготвен по налог на судот во постапка за обезбедување на докази неспорно се утврдени плаќањата на тужителот**, нејасно е **како тогаш судот смета дека**

вештачење изготвено во кривична постапка во кое воопшто не се разгледувани доказите од овој предмет може да доведе до поинакво утврдување на фактичка состојба???

Согласно горенаведеното, **како можел судот да утврди дека еден ваков сосема безначаен доказ во кој се утврдувани истите околности кои веќе безброј пати се истакнувани и разгледувани од судовите во сите судски инстанци може да придонесе до утврдување на поинаква фактичка состојба и поинакви одлуки од веќе донесените?????Дали судот при одлучувањето воопшто го разгледал предметот, изведените докази во постапката и ги прочитал веќе донесените одлуки??? Очигледно дека не, а тоа го потврдува и околноста што судот ја донел одлуката во време кога целиот предмет со сите судски списи и докази се наоѓал кај друг суд!!! Навистина срамно е да на ваков начин судот се исмева и не ги почитува одлуките на повисоките судови, вклучително и одлуките на Врховниот суд донесени во 8 годишното водење на оваа постапка!!!**

Истовремено, во смисла на истакнатите жалбени наводи, потенцираме дека **судовите повторно одлучија во корист на тужителот** и во постапката поведена од основачот на туженият Имако Вино ДООЕЛ Штип, **Ристе Љуботенски од Штип против тужителот за утврдување ништовност на Договорот за деловно-техничка и финансиска соработка склучен помеѓу тужителот и туженият на 13.11.2004 година, како и договорот за основање на ДОО склучен помеѓу тужителот и туженият на 18.11.2004 година,** а се со цел во таа постапка доколку се утврдело ништовност, да се оневозможи наплата на побарувањето кое му следува на тужителот, а кое е предмет на постапката за надомест на штета. **Постапката за утврдување ништовност на договорите исто така е правосилно завршена во корист на овде тужителот, со Пресуда Рев2.бр.527/17 од 01.10.2019 година на Врховниот суд на РСМ, со која што ПОВТОРНО НАЈВИСОКИОТ СУД ОДЛУЧИ МЕРИТОРНО ВО КОРИСТ НА ОВДЕ ТУЖИТЕЛОТ, така што ја преиначи пресудата на Апелациониот суд Штип и ја потврди првостепената одлука на Основен суд Штип со која тужбеното барање на тужителот Ристе Љуботенски за утврдување на ништовност на предметните договори се одбива како неосновано.**

ДОКАЗ:
- **Пресуда П4-29/16 од 14.10.2016 година на Основен суд Штип**
- **Пресуда Рев2.бр.527/17 од 01.10.2019 година на Врховниот суд на РСМ**

Со оглед на наведеното, неспорно е дека судот покрај сторените суштествени повреди на постапката погрешно ја утврдил фактичката состојба и погрешно го применил и материјалното право, односно **погрешно утврдил дека покрај сите донесени пресуди во корист на тужителот од сите судски инстанци и од Врховниот суд, ваков нов доказ може да придонесе до утврдување на поинаква фактичка состојба од онаа утврдена со правосилните пресуди.**

Ваквите постапувања на судот се навистина зачудувачки и **предизвикуваат сомневања за пристрасност на судот кон туженият** и нејасно е од кои причини судот на ваков начин со донесување на обжаленото решение овозможува на туженият кој е правно лице даизбегнува и го одолговлекува плаќањето на долгот**! Што доколку туженият како правно лице во текот на повторената постапка се избрише од регистарот на правни лица, како тогаш тужителот ќе го намири своето побарување и кој ќе одговара за тоа???** И досегашното водење на постапката од 8 години беше сосема неразумно и предолго, па сега

која постапката е правосилно завршена не постои ниедна разумна причина ниту пак било каков доказ што може да ја побие неспорно утврдената фактичка состојба.

Очигледно **судот потпаднал под постојаните притисоци и закани на тужениот да се донесат одлуки во негова корист,** затоа што **тужениот постојано поднесува претставки и кривични пријави против судиите кои во досегашната постапка не одлучувале во негова полза, и ваквите документи ги презентира во поведените постапки, во случајот и во поведената постапка за повторување**, се со цел да предизвика страв кај судијата кој постапува, дека доколку не одлучи во негова корист, ќе го снајде истото. Очигледно, во конкретниот случај целта на тужениот ги оправдала средствата и судот постапувајќи крајно несовесно, нестручно и пристрасно, надвор од секој законски пропис и надвор од секоја логика одлучил во корист на тужениот.

Доколку ваквата незаконита и сосема противправна одлука на судот стане правосилна, тоа ќе претставува преседан во судската пракса кој ќе овозможи бесконечно водење на постапката под изговор на наводно стекнати нови докази, бесконечно водење на постапка и бесконечно утврдување на истите околности кои се безброј пати утврдени, што директно го повредува правото на тужителот на судење во разумен рок и со ваквата одлука **се изразува директно непочитување и исмевање на одлуките на повисоките судови**, како Апелациониот суд во Штип така и Врховниот суд на РСМ. На ваков начин **судот дозволува да се создаде правна несигурност поради ваквата незаконита одлука која е во целост спротивна на начелото на владеење на правото! Која е тогаш улогата на повисоките судови како коректив во судството? Во случајов изгледа дека Основниот суд е коректив на Врховниот суд што е небулоза!!!**

Ваквите дејствија на судот и изразена пристрасност во одлучувањето, односно на судиите кои одлучувале во предметот содржат и елементи на кривични дела предвидени и казниви според КЗ, а очигледно се преземени се со цел да се овозможи на тужениот стекнување на противправна имотна корист и да се оневозможи намирување на побарувањето на тужителот кој го има од тужените, а кое го докажа во обемна и исцрпна долгогодишна постапка. Од тие причини, тужителот беше приморан да поднесе Претставка до Судскиот совет против судијата Анита Јорданова која постапувала и одлучувала во овој предмет како Претседател на советот, за ваквите постапувања известена е и Амбасадата на Русија и Министерот за правда, а нашиот клиент инсистира и на јавно обелоденување на случајот и преземање на сите можни мерки, вклучувајќи и поведување постапка за утврдување на кривична одговорнст кај инволвираните во случајот.

ДОКАЗ:
- **Претставка до Судски совет на РСМ од 17.11.2021 година**
- **Допис до Министерот за правда од 18.11.2021 година**

Согласно сето погоренаведено, јасно истакнатите жалбени наводи поткрепени со јасни факти и докази, бараме Апелациониот суд во Скопје правилно да ја оцени фактичката состојба и да го преиспита цитираното решение на Основниот граѓански суд Скопје со што ќе ги земе во предвид сите истакнати жалбени наводи кои ги потврдуваат сите суштествени повреди на постапката кои ги сторил првостепениот суд.

Во однос на тоа,предлагаме Апелациониот суд Скопје како второстепен суд, да **ЈА УВАЖИ** оваа жалба на тужителот, првостепеното Решение **ППОВ.бр.5/21** од **21.10.2021 година** на Основен суд Штип **ДА ГО УКИНЕ** и предметот да го врати на повторно разгледување и одлучување пред првостепениот суд или жалбата да ја уважи, а Решението да го преиначи на начин што ќе го одбие како неоснован предлогот на тужениот за повторување

на постапката и ќе го задолжи да му ги надомести на тужителот трошоците од постапката по приложениот трошковник.

Скопје, 19.11.2021година

Тужител:Владислав Михаилович Втулкин,
преку полномошник Адвокат Ненад Јаниќевиќ

АДВОКАТСКА КАНЦЕЛАРИЈА
ЈАНИЌЕВИЌ
Данило С. Јаниќевиќ, адвокат
Ненад Д. Јаниќевиќ, адвокат
Бул.„Кочо Рацин„ бр.38-I/5 Скопје
тел./факс 02/ 31 668 29, стан 02/31 379 11

Прилог: Доказ за платена судска такса за жалба

ТРОШКОВНИК:

1. За состав на писмен одговор на предлог за издавање на привремена мерка (основица 18.000,00 ден +100% зголемување согласно чл. 3 од АТ за предмет во кој една од странките е странско физичко лице 18.000,00 ден +30% паушал 10.800,00 ден + 18% ДДВ 8.424,00 ден) **вкупен износ од ..... 55.224,00 денари**
2. За состав на одговор на предлог за повторување на постапка (основица 18.000,00 ден +100% зголемување согласно чл. 3 од АТ за предмет во кој една од странките е странско физичко лице 18.000,00 ден +30% паушал 10.800,00 ден + 18% ДДВ 8.424,00 ден) **вкупен износ од ..... 55.224,00 денари**
3. За присуство на рочиште за привремена мерка на ден 12.07.2021 година година пред Основен суд Штип (18.000,00 ден. + 100% зголемување согласно чл. 3 од АТ за предмет во кој една од странките е странско физичко лице 18.000,00 ден. + 30% паушал. 10.800,00 ден +18% ДДВ 8.424,00 ден +20% часовнина 11.045,00 ден.) **вкупен износ од ..... 66.269,00 денари**
4. За судска такса за жалба ..... **12.000,00 денари**
5. За состав на жалба (18.000,00 денари, со зголемување од 100% за доверителот како странец 18.000,00 ден +50% зголемување за жалба 18.000,00 ден.+ 30% паушал 16.200,00 денари = 70.200,00 ден. +18% ддв 12.636,00 ден. = 82.836,00 денари..... **82.836,00 денари**

Вкупно: 271.553,00 денари